# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од осмото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 15 мај 2002 година**

Седницата се одржа во салата на седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Томислав Стојановскк потпретседател на Собранието на РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да притиснете на едно од копчињата, за да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата присуствуаат 64 пратеници, тоа значи дека условите се исполнети.

Колеги пратеници, продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на .РМ.

Пратениците Илија Георгиев, Благој Ханџиски, Ванчо Чифлиганец, Димитар Батковски и Васил Ефтимов ме известија дека од оправдани причини неможат да присуствуваат на седницата на Собранието.

Бидејќи со поединечното броење утврдивме дека имаме доволен број присутни пратеници, да може Собранието полноправно да одлучува, продолжуваме со седницата.

Минуваме на точката три - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за банките со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Законот.

Претресот по амандманот на член 1, за бришење на став 1, поднесен од пратениците Tsќи Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Иловски е заклучен.

Аамандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 16 пратеници, воздржани 19, и 31 пратеник гласале против.

Констатирам дека амандманот не ја доби потребната подршка од пратениците.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на ставот 2, поднесен од пратениците Таќи Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Иловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

Јас би сакал неколку збора да кажам зошто не се прифаќа овој амандман.

Оваа измена е подготвена под сугестија на Народна банка се со цел таа точно да ги дефинира критериумите не само за капитална и управувачка поврзаност, туку и на поврзаност меѓу две физички лица односно со тоа да ги опфати сите поврзани субјекти.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам претставниците од службата да ги пребројат пратениците. Ако вака се продолжи ќе констатирам дека има доволен број пратеници и ќе ги прогласам резултатите од гласањето.

Во салата присуствуваат 62 пратеника.

За амандманот гласале 15 пратеника, 19 се воздржале и 21 гласале против.

Констатирам дека амандманот не ја доби потребната подршка од пратениците.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 4 и на став 3, поднесен од пратениците Таќи Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Иловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г.динот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, и претставници на Владата.

Овој амандман го предлагам од едноставна причина што овој закон кој што се менува во овој дел во член 1 е промена која што несоодвествува со реформските зафати што се присутни во банкарскиот систем.

Имено, спомнато беше и во претходните мои настапи дека во Македонија во тек се интензивни реформи на банкарскиот систем, што само по себе треба да придонесе за зајакнување на таа економска активност во РМ и повраќање на довербата кај банките од страна на комитентите на банките.

Одтаму, во последно време се прецизирани особеностите на деловните банки во РМ и во рамките на нив се пропишани активностите или работите, како шшо е прецизирано во досегашниот закон за банки или во овој, како што се вика финансиски активности на тие субјекти во економијата во Македонија и на економијата на Македонија со странските економии.

Во таа смисла едно е местото на деловните банки, додатно на тоа во реформите се поставува свое место и во специјализираните банки, па одтаму, во Македонија профункционира една банка која што требаше да ја подржи изворната активност на стопанството на РМ, дали преку кредитирање на дневните економски потези, или преку припрема за производство на производи за извоз.

Во таа смисла РМ во таа специјализирана банкарска активност беше подржана и од Германската Влада преку пласирање на средства, дали во вид на гранд или ефтини кредити од банката на СРЈ во таа банка, како еден од потенцијалите, т.е. основачки капитал за формирање на таа банка. Меѓу другото и Владата предлага и на оваа седница специјализирана банка за микро претпријатија, но тоа што е битно во Македонија, а што е во интерес и на други субјекти, кои што со реформите се зафатени во РМ, пред се мислам тука на македонски пошти е македонски пошти да бидат основачи на поштенската банка. Затоа, како што е секаде во светот, токму и називот поштенска банка потекнува од самиот пат што македонските пошти би биле основачи, а секаде во светот поштите се основачи на таквите банки и тие банки се нарекуваат подбанки во светот.

Во рамките на студиите за транформација на телекомот или поранешни македонски телекомуникации има своја глава во елаборатот кој што ја опфаќа оваа проблематика, а кој што елаборат беше правен со помош на експерти од Европската банка за обнова и развој, ангажирани од Норвешките пошти. По примерот на норвешките пошти требаше да се изврши трансформација и на македонските пошти за да се припремат тие за понатамошните фази на приватизација.

Одтаму, неприфатливо она што го предлага Владата, македонски пошти да се избришат од основачи на поштенската банка во РМ, или со други зборови, поштенската банка да биде акционер како и сите дури акционери.

Јас спомнав и минатиот пат, од тие причини ги поднесовме ние овие амандмани. Не може во еден дел од законот поимот основачи или активноста основачи да се брише што во член 2 од Законот, а во членот 42 од Законот да остане тој поим.

Отаму, ако веќе имаме предност на претставниците од Владата за објаснување на поимите, кои што ние предлагаме да ги промениме, еве објаснете ми г-да претставници од Влада, штом сте спремни и за таа проблематика, зошто во членот 42, останува зборот основачи, а во членот 2 се брише. После тоа би продолжил со мојата натамошна дискусија.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Сакам да го известам г-динот пратеник дека во оваа дискусија која сега ја имаше, не се однесува на амандманот 3. Тоа се однесува на амандманот 1 и 2. А за нив веќе гласавме. Амандманот 3 е подготвен заради амандманот 1 и 2. Овој амандман е од техничка природа. Така што, се враќаме на амандманите кои веќе ги изгласавме.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас навистина сум запрепастен, зошто не е разбран амандманот 3. Амандманот 3 не е техничка промена. Аамандманот 3 е суштинска промена.

Суштинската промена на амандманот 3 се состои во тоа што амандман 3 се предлага да се бришат став 1 и став 2 од член 1 на предложениот закон. Да ве потсетам во член 1 став 1 стои формулација во Законот за банки, "Службен весник на .РМ" број 63/2000, во член 2 став 1, точка 2 зборовите:" основачи и" се бришат, а додека во став 2 во точка 5 став 3 зборовите:"капитална и управувачка поврзаност" се заменуваат со зборовите: "поврзани субјекти". Одтаму, не е техничка природа г-дине замениче министре да се оневозможи, или да се напушти еден постојан концепт, македонски пошти да бидат основачи на поштанска банка, не е техничка природа. Тоа е суштинска природа. Со тоа правите една промена во банкарскиот систем, или законски прилагодувате поштенска сегашна штедилница да прерасне во поштенска банка, основачи да се јават субјекти како и кај деловните банки,

акционери, да нема основач и одтаму, да се испушти можноста она што се губи во редовното работење од финансиска природа кај македонски пошти, да може да се надополни со работењето од Поштанската банка.

Одтаму, дополнително уште еднаш, ако сакате, ако веќе влегуваме во дијалог, објаснете ми зошто во еден дел од Законот го задржувате поимот основачи, поштенските банки се основаат од македонски пошти, а во поимите, во членот 2 од Законот, го бришете тој член. Тоа не се од техничка природа, тоа се суштионски промени г-дине замениче.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам да не дојде до недоразбирање, јас само ќе го прочитам амандманот 3, каде што стои: "во членот 1 стгав 3, додека амандманот 1 се однесува во членот став 1 се брише и во амандманот 2 во членот 1 став 2 се брише". Овде се работи за амандманот 3, за член 1 став 3.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Членот 47 од претходниот закон за банки кажува: Поштенската банка покрај работите во членовите 45 и 46 на овој Закон, што може да ги врши во зависност од висината на капиталот, ги врши следните работи и тие се наброени по точка 1, точка 2, и несакам да ја одолжувам дискусијата, точка 3, точка 4.

Работи на платниот промет со странство во согласност со Законот издавање и работење со парични картички за остварување на функциите на основачот. Ова е суштината на Законот. Тоа значи Поштенска банка е основано од субјект во РМ Тој субјект во РМ се вика македонски пошти. Затоа овде е ставен поимот основач. Одтаму, јас барам да се разгледа овој наш амандман, да се овозможи понатаму поимот основач да остане во Законот. Тоа никому не му штети во РМ, затоа што тоа е специјализирана банка, која што работи деловни активности, кои што се предвидени во членовите 46 и 47 од досегашниот Закон за банките.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници, Јас незнам за што воопшто сакаше да зборува г-динот Бузлевски.

Поштанска банка веќе постои. Нивните основачи се познати и основач на Попггенска банка не е Пошта. Пошта нема никаков удел во Поштенска банка, само ги врши како и сите други шалтерски услуги на банката. Поштенска штедилница прерасна во поштенска банка, седиштето и е во Скопје, еве ви еден нејзин чек како изгледа Поштенска банка, а не поштенска штедилница. Според тоа, незнам зошто толку напрегање да внесеме некој член во Законот, во кој што ќе треба да биде поштата да речеме, основач на поштенската банка. Таква банка веќе постои. Нејзините основачи се јасни, постојат, функционираат и незнам зошто воопшто вакви паушални дискусии.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван колега Лазаров, Јас прво не зборувам паушално. Поштенска банка е основана од македонски пошти, и плус тројца акциониери, односно фирми. Телеком се откажа после приватизацијата и македонски пошти ја зедоа целокупната ингеренција на Поштенска банка.

Одтаму, јас не барам да се вметнат нови членови во Законот. Јас барам да останат старите членови во Законот, по кои што е основана поштенската банка. Значи, барам да остане во Законот поимот основач. Тоа барам. А не барам други измени. Владата нуди други измени, затоа што јасни се нејзините активности. Поштенска банка во идниот период ќе остане само со име Поштенска банка, ако веќе има смисла да го носи. Инаку, поштенска банка за скоро време, незнам дали сте во тек, присутни се активности да се приватизира, т.е. да се откупат акциите по теркот на Македонска банка. Слушајте ме, запамтете, тоа ќе се случи во наредниот период, после оваа измена од Законот. Затоа што досега сметаше поимот основач, сега се брише основач, останува само поимот акционер и јасни се идните активности. Значи Законот се прилагодува за да се заврши една осмислена активност, а досега поимот основач сметаше тоа да се направи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Сакав да го кажам уште ова, за да не остане неразјаснето.

Поштенска банка прерасна во Поштенска штедилница пред една година. Значи беше Поштенска штедилница. Ова е нов правен субјект и нема никаква врска со поранешниот субјект - пошти на

Југославија, тогаш се викаше Поштенска банка. Оваа поштенска банка нема, а дали има смисол да го носи тоа име тоа е друга прикаска. Се согласувам дека стварно кога нема никаква врска со поштите дека нема зошто да го носи, меѓутоа, оваа Поштенска банка прерасна во Поштенска штедилница која што нема никаква врска со поранешната Поштенска банка. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува г. Илија Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Владата, Дозволете ми како потписник на овој амандман да појаснам некои работи. После исцрпните образложенија што ги даде г. Бузлевски, мислам на сите треба да ни биде јасно, за што конкретно се работи, меѓутоа, јас сум свесен дека работејќи вака неконцентрирано по амандманската расправа доаѓа до вакви недоразбирања.

Јас незнам некој дали несака да разбере, или се прави овде дека не може да разбере, а веќе тоа е негов проблем, сега се пуштени во една расправа каде што докажуваме дека водата е мокра. Кажано е во Главата 4 од постоечкиот закон кои се финансиските активности што може да ги обавува банка формирана со толку капитал, банка формирана со толку и толку капитал, и во членот 47 децидно стои Поштенска банка. Што се ингеренциите на Поштенска банка.

Прво, сакам да му кажам на г. Лазаров дека банка не може да прерасне во Штедилница, туку обратен е процесот, бидејќи ова е помала конституциона целина во финансиската сфера на работењето.

Добро, јас запишав што кажавте, земете го стенограмот, вие викате дека Поштенската банка прераснала во Поштенска штединица.

Второ, факт е нотирен, и затоа постои во постоечкиот закон во членот 47 дециден назив на банката дека се вика Поштенска банка.

Јас не знам тоа требеше претставникот на Владата да го одговори, незнам од кај му е познато на г. Лазаров дека Поштата и Телекомот пред тоа, како субјекти веќе не фигурираат како основачи иако името сеуште фигурира во постоечкиот закон дека тоа се вика Поштенска банка, и факт е, не ова Бузлевски што го прејудицираше дека тоа ќе се слушне, и дека ќе се направи, факт е дека г. тоа е направено веќе, и дека капиталот на Поштенска банка е купен од две фирми од патронат на еден на претседателите на ВМРО-ДПМНЕ, и впрочем, ако се навратиме во основното образложение зошто се вршат промени во Законот за банки, и дека првиот постулат по кој е прибегнато вршење на вакви промени велите дека во периодот по донесување на законот се случија настани што ја наметнаа потребата секоја организирана држава да превземе мерки за контрола и спречување на влезот на капитал кој потекнува од нелегални извори, а ви за ви тоа се донесува два базични закони во таа сфера, Законот за перење пари и Законот за спречување на корупција, тоа е фактички појдовната основа за овој закон да влезе во парламентарна процедура. И нормално кога имате базична причина, за да влезете со промена на ваков закон, јас се согласувам со фактите дека треба некој нумерички пеглања да извршат на законот, дека треба некои технички дотерувања на законот да се извршат, како електронски пари, и тн. Меѓутоа, ако ви е тоа основното образложение зошто овој закон сте го внесле, тогаш во сите свои членови кои не се малку на број, затоа и вака тече расправата не се разбираме едни со други за што зборуваме, ние треба да бидеме свесни дека токму тоа базично прашање и треба да го решиме со овој закон.

Господине Лазаров, ако вие сте толку експерт во банкарската сфера и овде тој што го брани законот, не кажува ништо, еве јас ви тврдам, па тужете ме и мене како Гошев што барате да го тужите, дека пот патронат на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ се купени акциите во Поштенска банка од две фирми од Гевгелија, од Кавадари и незнам од кај се уште. И сега мафтате со чекови да ни докажете не била Штедилница била банка. Банка е. Дури во постоечкото решение земете го, еве ви го "Службениот лист " овде, точно називот на таа финансиска институција е наречен Поштенска банка. И затоа, ние сакаме овој амандман да се прифати, и да остане називот "основач" да не се брише, бидејќи таа и да се избрише, во крајна линија прејудицирани се последиците од претходно бришење, незнам кој си ги избришал во своите глави, и дојдено е до трансформација на капиталот во Поштенска банка. Вие г. заменик министер треба тоа

да го знаете, сепак сте заменик министер, и овде да се расправаме коректно за да дојдеме до едни поадекватни решенија и да знаеме за што се расправаме, да не испаѓа сега едниот бил од ВМРО-ДПМНЕ, другиот бил од СДСМ, па затоа се расправаме, зошто биле две политички противњаци. Овде се работи г. за суштински промени, овде се работи на црно купување банки, овде вие го одбивате мојот амандман по членот 19, каде што го додавовме член 19-а, која е суштинската промена во законот барем како што предлагачот ни ги има доставено во образложениeто. Вие одбивате каде што јас викам во амандманот Х1Х-а да се стави дека Банката ако има сомнение дека нечисти пари прима таму, и се додава како во членот 53 од постојниот закон, и плус и нечист капитал, бидејќи може да има капитал од наследство и незнам од каде добиен, вие го одбивате тој амандман. Во меѓувреме, ваш пратеник поднел ист таков амандман, па го принудувате, го повлекува и сега ми кажувате, ајде сега ќе направиме ренумерација на одредени членови, ќе направиме технички дотерувања, до вчера со книшка, а од утре и со тековна картица, преку домашниот компјутер може да се прават финансиски трансакции во банкарството и се сме решиле ние.

Господо, кога се влегува со ваков закон, вие треба да докажете како фудбалерите од Охрид купија една цела банка со еден месец престој во Австралија и со заработени пари од играње фудбал. Сега, од утре ќе докажете како и Поштенска штедилница, исто така е купена, т.е. Поштенска банка, а не сега овде да ни мачкате очи, ќе направиме само козметички дотерувања на базичен закон, а ако го читате образложениeто, ќе помислите дека некој германец го напишал. Но импликации не произведуваат од образложенијата по законот. Импликации произлегуваат, дали утре вака или онака ќе биде банкарскиот сектор, токму од оние членови што ги менуваме, или не ги менуваме. Тоа е суштината на проблемот. Ако Лазаров е искрен нека каже дека тие и тие мои пријатели, под патронат на еден наш потпретседател, на ВМРО-ДПМНЕ, ја купија Поштенска штедилница, што си го замарате умот вие од десната страна. Кажете го тоа отворено. Јасно е како два и два, за што се работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува г. Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Би сакал да појаснам неколку работи во врска со овој закон и со протходниот закон на кој се надоврзува овој закон.

За да оснива банка некој треба да има најмалку 5 основачи односно секој да поседува 20% од капиталот. Тоа е основниот прерогатив за формирање на една банка. Дали Пошта, дали Телекомуникации, или незнам која институција внатре во системот на пошти сака да биде акционер, тоа е нејзино право. Тоа е првиот дел. Ние со сила не можеме никого да натераме да биде акционер внатре во Поштенска банка. Спород тоа, кога се дискутира, обрнувам внимание на моите колеги, треба да прават разлика помеѓу основач и оснивачи. Според тоа, основач на банка не може да биде едно лице. Вие овде непрекидно играте со зборот "основач". Основачи се повеќе лица. Тоа е прво.

Второ, се постави едно прашање односно еден проблем во врска со благата форма на платен промет, јас така ја викам.

Поштенската банка мора да има, бидејќи во овој момент таа не го исполнува цензусот за т.н. големо овластување. Таа може внатре во законот да има посебна одредба за да може да работи со т.н. цол-карти, што г. од оваа страна знаат што се. Тоа се карти со кои се праќаат пари помеѓу земја со земја и внатре, посебно зомјите од Западна Европа, и тн. Тоа не е платен промет, но ако не го има Поштанската банка одобрениeто да ги прифаќа, да ги наплаќа и да испраќа цол-карти, во тој случај таа не може да го врши тој платен промет кој, потенцирам, не е платен промет во прав смисол на зборот.

На крајот да заклучам, вие со сила сакате некој да биде акционер, ако некој не сака да биде акционер.

Сега за сега толку, ако треба ќе дообрајнам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Одговорноста на пратеникот за искажаниот збор е сериозна заради јавното мислење кое што е присутно и

по кое цени како пратеникот ја интерпретира одредената материја, поготово за материи кои се стручни и за кои треба соодветно познавање на материјата за таа да се елаборира. Во таа смисла јас дискутирав, во таа смисла и ние поднесовме амандмани заради одредени одредби кои што се менуваат во законот, а кој се од суштинска природа, кои ние ќе ги поддржиме како промени. Но заради одобрување на законот ние го поднесовме и третиот амандман. Оттаму јас никако не си земам за право паушално да дадам овде исказ околу стручна материја која е предмет на проценка кај стручната економска јавност.

Изјавувам дека Македонски пошти се основачи на Поштенска банка, минатата година и тие учествуваат со 33% во капиталот. Овде беше спомнато дека никој не сака со сила да ги држи да бидат основачи. Не, г. пратеници волјата за основање на банка се искажува преку преземените активности со поднесување на елаборат за основање на банка. Ако Македонски пошти поднеле елаборат за основање, а поднесоа пред година ипол, минатата година беше прифатен тој елаборат. Тоа значи дека волјата за основање на Поштанска банка стои. Не само што стои волјата туку стои и потребата затоа што јас кажав дека на тој начин преку еден целокупен проект кој своевремено е работен со потсредство на Европска Банка за обнова и развој, како финансиски додаток на тековното работење на Македонски пошти се проценуваше дека ќе биде приходот од Поштенската банка. Оттаму не станува збор само за судбината на Поштенска банка дека таа ќе стане акционерска банка, станува збор за иднината и на вработените во Македонски пошти кои својата егзистенција, со издвојување на капитал сметаат дека ќе ја осигураат преку активноста на Поштенската банка.

На крај сакам да го потсетам г. Ставрев дека оваа банка има и специјализирана задача која се однесува на опаричување на хартии од вредност, за оние хартии за кои согласност дал Светскиот поштенски сојуз. Имено, за одреден вид на хартии од вредност специјална согласност дала Светскиот поштенски сојуз и тие може да се монетизираат само со таа согласност. Значи покрај економската потреба има и легислатива во рамките на Светскиот поштенски сојуз за работењето на специјализираните банки во соодветните земји, кои се викаат Поштенски банки. Со тоа, јас последен пат се јавувам за дискусија по овој амандман, мислам дека е јасен но задача е задача, што да правиме, позицијата мора да го одбие овој амандман, и ќе го одбие.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Без желба да полемизирам, само сакам да ја кажам правата вистина, ако можеме така да се разбереме.

Ниеден основач на банка не може да има повеќе од 20% пакет на акции во основачкиот капитал на банката. Според тоа банка може да основаат најмалку 5 лица. Овде беше спомнато дека пошта 33. 33 не може ни по која законска основа да има од пакетот на акции бидејќи во тој случај ќе стане доминантен акционер. Според тоа пошта мора да се откаже од оние 13% и се вишок, веројатно ги продала, јас навистина не ги знам сите тие трансакции што ги правеле и кој придонем од Поштенска штедилница да прерасне во Поштенска банка, бидејќи тоа е еден светски процес, сите штедилници веќе се прераснати во банки, заради тоа и Поштенската штедилница во Македонија е прераснатa во банка. Не е тоа што го сакал овој или оној туку тоа е процес кој е нормален во светот.

Уште еднаш кажувам дека никој не може да биде доминантен сопственик, освен, има исклучок во законот каде се вели дека со одобрение на гувернерот може некој од акционерите, поради вакви или такви интереси да има поголем број на акции во акционерскиот капитал, но исклучиво со одобрение.

Втора работа беше прелевање на приходот односно Поштенска банка треба дел од вишоците да ги прелева во поштата и да ги покрива евентуалните загуби. Тоа е систем на така наречената договорна економија која до неодамна ја имавме. Не може да постои таа како економска категорија и како идеја дотолку повеќе што Поштенската банка е акционерско друштво и вишокот на средства по принципот на делење на дивидентата, акционерите, основачите на поштата ќе си ги делат. Они ако сакаат може да го прелеваат својот капитал според дневната добра волја, во загубата на еден од акционерите, а не на целиот, само на еден акционер.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, заради прометно следење на прописите, сигурно треба еден ангажман, мислам работен. Оттаму член 9 став 1 од Законот кажува дека учеството на поединечен акционер во капиталот на банката може да биде најмногу до 1/3 од износот на акциите со право на управување на банката. Колку што јас ја познавам математиката, 1/3 е 33,3, а 1/5 е 20%.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Ги повикувам колегите кои во меѓувреме излегоа да влезат во салата.

Ве молам колеги вратете се во салата.

Ќе ве молам колеги кои сте надвор од салата да влезете да гласате.

Ќе ве молам колеги, барем минимум трпение да влезете внатре.

Што е ова, апсолутно тотална неодговорност!

Молам да се пребројат колегите кои се внатре во салата, ќе ја одложам седницата, да не се прават паметни да седат пред врати, па потоа да бараат дневници.

Го молам секретарот на Собранието да ги прозива пратениците.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИК-ЧУКАЛИЕВА:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ -присутен
АБДУРАХМАН АЛИТИ -отсутен
АБДУЛА АЛИУ -отсутен
ЌАНИ АЛИУ -присутен
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ-присутен
СТОЈАН АНДОВ -отсутен
КИРИЛ АНДОНОВСКИ -присутен
МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА-присутна
ЉУПЧО АНУШЕВ -присутен
АМДИ БАЈРАМ -отсутен
ДЕМУШ БАЈРАМИ -отсутен
ФАДИЛ БАЈРАМИ -присутен
ДИМИТАР БАТКОСКИ -отсутен
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ -отсутен
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА-присутна
ЈОРДАН БОШКОВ -отсутен
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ-присутен
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ -отсутен
СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ -присутен
ВАСИЛ ГАЏОВСКИ -присутен
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ-присутен
ТРАЈКО ГЕШОСКИ -присутен
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ -присутен
ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ -отсутен
ПЕТАР ГОШЕВ -присутен
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ -отсутен
ЗАМИР ДИКА -присутен
ВАНЧО ЃОРГИЕВ -отсутен
ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ -отсутен
ФАТМИР ЕТЕМИ -присутен
ВАСИЛ ЕФТИМОВ -отсутен
НАСЕР ЗИБЕРИ -отсутен
ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО -отсутен
МИРКО ИВАНОВ -присутен
ИЛИЈА ИЛОСКИ -присутен
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ -присутен
ЖАРКО ЈАНКОСКИ -присутен
НИКОЛА ЈОВАНОВ -присутен
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА -присутна
МАРИКА ЈОРДАНОВА -присутна
НАЗМИ КАДРИУ -присутен
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ -отсутен
ЖАРКО КАРАЏОСКИ -присутен
РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА -присутна
МИТКО КИРОВ -присутен
ЛАЗАР КИТАНОСКИ -отсутен
САВО КЛИМОВСКИ -отсутен
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ -присутен
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ -присутен
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ -присутен
ГОРАНЧО ЛАЗОВ -присутен
БИЛАЛ ЉУТФИИ -отсутен
ЈАНИ МАКРАДУЛИ -присутен
ВАСЕ МАНЧЕВ -присутен
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА -присутна
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА -присутна
ДИСПИНА МАРКОВСКА -присутна
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ -присутен
ДРАГАН МИТЕВСКИ -отсутен
КИРИЛ НАСТЕСКИ -присутен
РУБЕНС НАУМОВСКИ -присутен
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ -присутен
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ -отсутен
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ -отсутен
ВАНЧО ПАНЧЕВ -присутен
ИЛИЈА ПЕМОВ -отсутен
ТИТО ПЕТКОВСКИ -отсутен
ЧЕДО ПЕТРОВ -присутен
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ -присутен
АЗИС ПОЛОЖАНИ -отсутен
СТОЈАН ПОПОВ -отсутен

| | |
|---|---|
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | -присутен |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | -отсутен |
| ИЛИЈА ПРАНГОСКИ | -отсутен |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | -отсутен |
| ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ | -присутен |
| НЕНАД РИСТОВСКИ | -присутен |
| АЦЕ САЈКОСКИ | -присутен |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | -присутен |
| БОРЧЕ СИБИНОВСКИ | -присутен |
| ВАНГЕЛ СИМЕВ | -присутен |
| РИСТО СПАНАКОВ | -присутен |
| КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | -присутен |
| ЃОРЃИ СПАСОВ | -отсутен |
| МИЛАН СТАВРЕВ | -присутен |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | -отсутен |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | -присутен |
| ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | -присутен |
| БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | -присутен |
| ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | -присутен |
| ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | -присутен |
| ОЛОЈМАН СУЛЕЈМАНИ | -отсутен |
| РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | -присутен |
| МУХАМЕД ТАИРИ | -присутен |
| АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | -присутен |
| МЕВЉАН ТАХИРИ | -отсутен |
| МИТКО ТИЛЕВСКИ | -отсутен |
| ЃОРЃИ ТОДОРОВ | -отсутен |
| РИСТО ТОДОРОВ | -присутен |
| ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | -отсутен |
| ПАНДЕ ТОМОВ | -присутен |
| КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | -присутен |
| ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | -присутен |
| ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | -отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ | -присутен |
| БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | -отсутен |
| СЛОБОДАН ЌОСЕВ | -присутен |
| ТАКИ ФИТИ | -отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | -присутен |
| ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | -присутен |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | -отсутен |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | -отсутен |
| КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА | -отсутен |
| БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | -отсутен |
| МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ | -присутен |
| ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | -отсутен |
| АРБЕН ЏАФЕРИ | -отсутен |
| АЛИЈА ШАХИЌ | -отсутен |
| РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА | -присутна |

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, на повик сме 72, а на гласање сме 52.

Што е ова?

Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Пратеникот Александар Гештаковски бара збор процедурално)

Гештаковски, на што се однесува процедуралното?

Ако не се однесува пример на Правилникот, нема процедура.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, реагирам процедурално на примената на Деловникот. Вие сте должни, доколку побара пратеник, да му дадете збор. Немојте да ги читате мислите, покрај другото што ќе кажам и како ќе барам.

Согласно Деловникот, Парламентот, за да одлучува, и според уставните измени, треба да има повеќе од половина од вкупниот број пратеници, значи 61. Доколку електронскиот начин на гласање не го дава тој број, се преминува на поединечно гласање. Вие тоа го побаравте како претседавач. Согласно Деловникот соопштете колку на поединечното гласање се присутни пратеници. Колку се присутни?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, за гласање немавме присутни .

Бидејќи се преброивме, на прозивка имаме 72 пратеници, дојде до гласање.

Го ставам амандманот на гласање.

Пак велам, не се однесува на процедурата, туку неследење на работа на Собранието на господинот Гештаковски. Тоа не може да биде процедура.

Господо, повелете вклучете го системот за гласање да гласаме по амандманот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 вкупно, од кои 16 гласале за, 23 воздржани и 31 против.

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на членот 2 поднесен од пратениците Таки Фити, Никола

Поповски, Димитар Бузлевкси и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

Има збор еден од предлагачите, пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада.

Сакам накратко да го објаснам амандманот кој што го поднесуваме.

Амандманот се однесува на член 2 од Предлог за изменување и дополнување на Законот за банките, со кој што член се предлага во член 4 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "освен ако со тој закон не е поинаку уредено". Ние предлагаме следна измена: "доколку не е во спротивност со овој закон". Зашто ја предлагаме следната измена. Овој закон кој што го разгледуваме се однесува на системскиот закон на банки во вид на измени и дополнувања. Со Законот на банки се уредува работењето на банките. Со измената која што се нуди од Владата пред Парламентот, се предлага да работењето на соодветна банка биде во согласност со Законот за банки, освен ако со тој закон не е поинаку уредено. Се однесува на лекс специјалис закон за Законот за банка за микрофинансирање. Логиката упатува на следното, дека не може да работи специјализирана банка во спротивност со одредбите од Законот за народна банка и законот за банки. Па од таму, заради вклопување и на таквата банка во системот на банки во Република Македонија, ние предлагаме да се основа таква банка, но таа банка да работи по законот за банки, како системски закон и по законот за основање на банки за финансирање на микропроекти како лекс специјалис закон за формирање на специјализирана банка. Што значи. Оваа формулација е потребна која што ја нудиме и таа оди во функција на задржување на интегритетот на банкарскиот систем и вклопување на специјализираните банки во рамките на тој банкарски систем. Инаку, ако се прифати оваа формулација која што е предложена со предлогот за измени и дополнување на законот на банки, се дерогира еден од банкарскиот систем, т.е. се поставува посебно место во економската активност во областа на финансиската сфера за посебна банка која што би била привилегирана банка и која што би работела на непазарни услови во однос на другите банки. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам колега Бузлевски. Дали некој друг бара збор? Илија Илоски бара збор. Повели.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас, во поддршка на овој наш амандман, во членот 2 после зборот уредно се додаваат зборовите: доколку не е во спротивност со овој закон. Би го замолил претставникот на Владата, што го брани овде законот пред нас, уште еднаш да го препрочита. Нема овде апсолутно ниту еден, апсолутно ниту еден повторувам аргумент да го одбие овој наш амандман. Немојте да мислите дека се работи само за некоја инверзија на целата реченица, составена од истите зборови. Напротив, се работи за суштинско прашање. Еве да објаснам зошто.

Законот за измени на Законот за банки е базичен закон. Еве јас ќе направам една паралела дека ова е устав за банкарскиот сектор. Така и сфатете го, бидејќи така е. И од одредбите од овој базичен закон произлегуваат сите финансиски институции што се по ранг подолу од банка, освен Народната банка, која е со посебен закон таа материја регулирана. Значи, сите финансиски институции треба да се вклопат во рамките на овој закон. Што Владата сега ни предлага?

Или сега треба да се прифати овој наш амандман за да се подобри текстот, или повторно треба да се остане на старото или постоечкото решение во членот 4, каде што се вели дека одредбите на овој закон се однесуваат и на банки основани со посебен закон. Досега во Република Македонија во еден друг амандман јас говорев за тоа, банка основана со посебен закон е Банката за поддршка на развојот. Меѓутоа, сите одредби од Законот за таа банка се вклопуваат во базичниот закон за банки. Прејудицирајќи го донесувањето на материјата за регулирање на банките за микрофинансирање, незнаеме од кои причини, вие велите сега во членот 2 се менува точката со запирка, се додава

реченицата - Освен ако со тој закон не е поинаку уредено. Ако се влече паралелата дека овој закон што го монуваме е устав за банкарскиот сектор и банкарскиот систем воопшто и финансискиот систем, тогаш е непримерно да се каже, на пример по таа логика, дека овој закон што го носиме сега може да излезе и од рамките на Уставот, ако со тој закон така кажеме. Тоа не може така да се случи. Ако Уставот е алфа и омега на целокупното законодавство, тука произлегуваат сите законски акти. Ние навистина не знаеме како се матичниот или базичниот да го наречам закон, може да има помалку моќ над оној закон што произлегува од него. Погледајте го, на оваа содница имаме услови да го погледаме, законот за микрофинансирање за донесување на закон за банки за микрофинансирањо, скоро во 90% од членовите се повторува дека тој закон е врзан со базичниот, со матичниот закон за банки. Непримерно е сега, во базичниот закон да се става одредба, значи одредбите на овој закон се однесуваат и на банки основани со посебен закон, освен ако со тој не било поинаку уредено. Обратно треба да оди господо логиката. Одредбите од овој закон се однесуваат и на банки основани со посебен закон, освен ако со тој закон не било поинаку уредено. Обратна треба да биде логиката. Токму онака како што предлагаме ние во амандманот 4, а тоа е постојниот член 4 да гласи: "одредбите на овој закон се однесуваат и на банки основани со посебен закон, доколку тие одредби не се спротивни со овој закон, што значи со базичниот. Тука, фактички со таа реченица токму се потенцира значењето на базичниот закон од кој што произлегуваат сита закони, дали законот за основање на банка за поддршка на развојот, или законот за банки за микрофинансирање, или законот за штедилници и тн. и т.н. Значи, не е примерно пониските акти да бидат со посилна правна моќ од повисоките или базични акти. Токму тоа е господине заменик министер логиката на овој амандман што го поднесуваме.

Дури јас ако се согласувата би го повлекол овој амандман, меѓутоа вие да поднесете амандман со предлог дека *се* брише и да останеме на постојното решениа. Многу е подобро постојното решение и не создава никакви забуни, бидејќи априори се алудира на тоа дека базната материја што го регулира банкарското работење во Рапублика Македонија а над сета останата материја која произлегува од неа отпосле. Тоа е логиката.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг барас збор? (Никој)

Бидајќи никој друг не бара збор, го заклучувам пратресот по амандманот.

Сега, пак ќе се повтори претходната работа, дојдоа господата за прозивка и излегоа.

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата.

Ги молам колегите пратеници по втор пат да влезат во салата.

Ве молам да гласаме.

Ги молам колегите да влезат, беа 58 по нашето броење.

Ги молам колегите да дојдат во салата за гласање.

Пауза до 16,оо часот.

Благодарам на колегите што толку не почитуваат.

(Пауза од 14,55 часот) (По паузата)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по амандманска расправа. Бидејќи истече времето за одмор продолжуваме со работа, ќе го смениме начинот на работење.

Покрај општа расправа ќе се води и амандманска расправа со присутни. Одлуката се носи само со одредена квалификација.

Ве молам поставениот амандман за гласање 4 поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски, е завршена расправата, никој не се јавил, останува само да се гласа. Од тука натаму ќе ги истераме сите други амаднмани кои се однесуваат и ќе гласаме на крај.

Отворам претрес по амаднманот на член 9, за бришење... Колега Гештаковски, процедурата ја одредувам јас од Собранието. Интервенција процедурална за ова решение нема.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Барам процедурално да се изјаснам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Гештаковски, повелете.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, во овој Парламент вакво однесување немало и морам да ви кажам како човек со кој 12

односно 8 години заедно работиме. Да му кажете на колега пратеник, неможе процедурално, вие одредувате. Кој сте вие? Ние го имаме еден господин Андов кој се расправа, а вие сте еден обичен потпретседател на Собрание, обичен пратеник како нас. Вие сте задолжени да го спроведувате Уставот, Законот и Деловникот. Вие со Вашето однесување го омаловажувате однесувањето на Парламентот. На пратеник му кажувате неможе да добиете процедурално. Сега, ќе ви кажам дека сте должни да му дадете процедурално, бидејќи вие согласно деловникот изнесовте одреден предлог, со кој ги менувате правилата на работа во Македонскиот Парламент. Што предложивте, знаете Вие? Тоа треба да го одлучи Парламентот и вие да му го ставите на располагање. Точно е со измените на Уставот на Република Македонија дека Парламентот може да работи без потребен кворум од повеќе од половина од 60 пратеници. Неможе да одлучува. Парламентот одлучува со повеќе од половина присутни пратеници. Не е спорно вие тоа што го правите, во Парламентот има 5 пратеници и вие менувате процедура на работа. Сметам дека го повредувате договорот меѓу пратеничките групи и пратениците. Па, не се тука само пратеници на СДСМ, не се ни на ВМРО-ДПМНЕ. Сакаме закони да донесуваме или сакаме вас да ве слушаме овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Гештаковски, што е процедурата, а за политиката ќе зборуваме после.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТЕКОВСКИ:**

Процедурата е повреда на деловникот и на Уставот на Република Македонија, со кои вие сакате да ги прескокнувате фазите на донесување на законите. Што е целта на донесување на закон, има расправа. А вие сакате со двајца присутни пратеници да ја затворите расправата. Во овој случај од опозицијата има одреден број на амандмани кои ние сметаме го подобрува текстот на законот, и вие сте должни да отворите расправа. Ваше е право ако одлучувате, јас ви советувам да не одлучувате така, бидејќи ќе заглавите уште повеќе и нема да излезете. Тоа го покуша и претседателот Андов да расправа за општиот претрес по предлог за донесување на закон, па скокна 30,40 закони, затоа од 104-та седница не сме излезени два месеци. Работите како што пишува во деловникот. Се отвора општа расправа по предлог на закон. Ја затворивте. Се отвора расправа по амандманот. Го прашувате, ве учам сега како да работите согласно деловникот. Го прашувате претставникот на Владата дали се согласува. Ако се согласи тоа е составен дел, ако не се согласи отворате општа расправа по амаднманот. Кога ќе ја затворите расправата. Вие сте нервозни бидејќи пратеници укажуваат и полемизираат. Па ова е Парламент, господине потпретседателе. Имаме спротивставени мислења за подобрување на текстот. Вие кажувате нема да дозволите расправа по амандмани. Кој ви го дал тоа право? И сметам дека Парламентот, сметам дека го повредивте Деловникот. И сега по однос на работењето. Сега вие сте должни по Деловникот мене да ми кажете, на моето укажување, тоа се членовите, мислам дека се членовите, сега ќе ги отворам, ако треба и ќе ви ги цитирам, за една минута ако ми дадете време, вие сте должни да ми одговорите согласно Деловникот дали моето укажување го прифаќате или не го прифаќате. Или вие сметате дека не го прекршивте Деловникот. Ако сметате дека не го прекршивте Деловникот јас најлегитимно деловнички барам Парламентот да се изјасни без расправа. Нема расправа, вие не смеете да му дозволите тука на никој да се меше. Ова е деловнички спор меѓу пратеник и претседавач. И тогаш од вас барам Парламентот да се изјасни, дали сте вие во право или јас како пратеник сум во право. Тоа е деловничко. Не можете вие да ми давате право на збор. Одговорете ми, јас сметам дека го прекршивте деловникот, согласно членовите ако треба ќе ви ги цитирам, па изјаснете се вие, јас ќе ви ги цитирам членовите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Александар Гештаковски, квалификуван пратеник, јас сум обичен пратеник. Вие се повикавте на повреда на деловник. Процедурата е, се отвора општ претрес, кога ќе завшри општ претрес оди за материјалниот претрес. Материјалниот претрес не е подведен за квалификувано присуство. Се одлучува само кога се гласа, тогаш треба квалификувано. Нигде не пишува дека треба да те слушаат тебе 61 човек. Туку да гласат за него, тоа е деловникот. Вие тоа не го знаете, и сега не се мешајте на работа на претседавачот. Ако имате вие досега да стои во Деловникот прочитајте ми го, јас ќе ви се извинам, ќе кажам дека навистина ништо не знам. Кај стои кога се расправа по материјалниот дел, дека мора да бидат присутни 61 пратеник,

или ќе одлучат со 61. Ако не правите разлика, дозволете ми да ви објаснам. Ако правите јас се повлекувам. Тоа е мојот одговор. Значи Собранието одлучува со мнозинство од пратеници, а не присутност за расправање. Кога ќе дојде за одлучување по амандманот да се гласа, мора да има 61 пратеник. А, сега, господине Гештаковски имаме амандмани, кои ги оставам за фаза на гласање накнадно, а ќе ги расправаме кој е заинтересиран да ве слуша, нека ве слуша. Ако вие имате однос да сакате да го образложите ваквиот предлог, образлагајте го колку сте, толку сте. Никој тоа нема да ви го запре. Ние сега ќе одлучуваме дали има некој да разговара по вашиот амандман. Ние можеме да расправаме по цел закон присутни колку сака нека се, а само по амандман на СДСМ, мора да бидат 61 пратеник. И, ако се гледате во тоа дека сте квалификувани, навистина е срамота. Ве молам, претседавачот ја води процедурата, повреда на процедура нема ако се запазат сите фази. Господине Гештаковски вие немате гаранција во деловникот каде треба да бидат присутни 61 пратеник кога се расправа и за дел од амандман, или за дел од закон. Кога се гласа тогаш се бара квалификација. Прочитајте го Уставот и ќе видите дека се одлучува со мнозинство од присутни, а не да слушаме присутните, значи само одлуката е со присутни, но не кога следела расправа. Сега, ако мислите дека ова е процедура, процедурата се заврши. Вие можете да не се сложите со мене и толку.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Вие согласно Деловникот ми одговоривте што сметате и потполно сте во право и тука нема никаква дилема. Само во Деловникот ништо не пишува, ги заменивте и на крајот се исправивте. Точно е дека во Уставот пишуваше Парламентот за да работи треба да бидат повеќе присутни за да одлучува. Со новите уставни амандмани тоа го изменивме. Сега ние градиме пракса ефективно и ефикасно работење на Парламентот, за да носиме добри закони, за закони во интерес на граѓаните, а не да скокаме како што се вели преку трупа. Вие сакате да скокате преку трупа. Уставот тоа го дозволува. Јас ви укажав дека се обидов со предлогот за донесување на закони во општиот претрес употребата да работиме така, сметајќи дека ќе бидеме поефикасни. Тоа не успеа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не говориме за правење на пракса, туку говориме за примена на деловник. Тука има разлика.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, деловникот ништо не зборува за ова, барем тоа истакнете го. Уставно е определено, а деловникот ништо не зборува како Парламентот, деловникот е за Социјалистичка Република Македонија, во делот на одлучувањето. Ако сакате да ви укажам, со влегување во овој Парламент донесен е и времен деловник за одлучување. Затоа, сметам Парламентот треба да се договара меѓу пратеничките групи за ефикасно работење. Сега ќе ви кажам отворено, можете за Пратеничката група на СДСМ и така да работите како што сметате. Но, вашата намера и цел беше друга. Во салата имаше 5 пратеници и вие, тргнувајќи од некој интерес, незнам кој, сметавте дека ќе ги поминете амандманите на СДСМ, ќе ја затворите расправата кога ќе нема присутни, 5 пратеници. Дојдоа пратениците кои си ги поднесоа амандманите, па би рекол парламентарно е, но ви кажувам дека не е ефикасно таквиот начин на работа. Времето е исто, повелете ако сакате така работете, само не е во ред таквиот начин на работа. Прво, вие немате такви овластувања да применувате таков начин на работа. За менување на начинот на работа го утврдува претседателот со координаторите на пратеничките групи. Јас затоа ве замолувам продолжете како што работевме, претседателот на Собранието да дојде, да ги повика координаторите на пратеничките групи да се договориме дали така ќе работиме. Инаку, ако продолжите така, го задржувам правото да побараме пауза за да се консултираме како на овој начин на кој што вие го предлагате да работиме. Се работи за ефикасно работење на Парламентот. Дали вие имате согласност од претседателот на Собранието да му го менувате начинот на работа? Кога закажувате седница велите немам надлежности. Претседателот на Собранието го претставува, ги закажува и го утврдува начинот на водење на седниците. Вие само го заменувате. Затоа, го задржувам правото, ако продолжите, ве молам, еве дојдоа сите пратеници предложете како ќе работиме за да бидеме спремни по законите и по предложениот дневен ред. Вашиот начин уште еднаш ве повикувам да му го предложите на Парламентот како да продолжиме да работиме. Благодрам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Гештаковски од процедурална процедура, стана процеура на молба и процедура на болка. Сакам и бев спремен да прифатам секаква ваша

интервенција ако ова е надвор од процедурата. Дали ние ќе гласаме по секој амандман веднаш по него или ќе гласаме за сите амандмани наеднаш, тоа не менува ништо. А, сега, што вие приговарате со некој да било, јас сакам само да ве повикам да бидете дисциплинирани да почнеме во 16,00 часот, а не да се шетаме овде како црева по два или по пет часа. Затоа и ова го предложив. Па, вие ни се терате, ни се водите, ни сакате дисциплина, ни сакате работа. Ве молам оставете ги процедурите на страна, да продолжиме со работа. Господа, или ќе имате дисциплина, или разидете се.

Предлагам да продолжиме со работа по дневниот ред, што ни е на ред. За него нема процедура да продолжиме или да не продолжиме. Ако сакате одлагање, барајте одлагање. А, ако сакате да избегнувате од дисциплина кажете не сакаме дисциплина и нема да работиме. Значи, имате три можности за да продолжите.

Отворам претрес по амандман на член IX за бришење на став 1, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не го прифаќаме вака како што е технички, бидејќи технички не е соодветен. Инаку, суштински амандманот би го прифатиле и ние со господинот Илоски предложивме амандманот да го изменат, но до денес не го изменил, па во овој случај ваков амандманот не го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор по амандманот?

Повелете господине Флоровски, само по амандманот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не по амандманот, ако ми дозволите процедурално сакав претходно да кажам нешто. Уште еднаш ќе го прашам господинот потпретседател дали ќе ми даде збор процедурално или да си седнам на место.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, седете си на место.

По амандманот за збор се јави господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За амандманот не се пријавив, се пријавив процедурално. Меѓутоа, вие не знаете да ги читате пријавите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немате збор и нема за што да разговараме.

За збор се јави гоеподинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада, Амандманот се однесува на член 9 став 1 и се предлага со амандманот кој што го имаме ние поднесено да се брише став 1 од член 9. Член 9 од Законот се однесува на член 16 од базичниот закон, со кој член се предвидува да се извршат не технички измени, како што беше овде кажано, туку суштински измени. Имено, би го замолил претставникот на Владата да го погледа амандманот и да забележи дека ние предлагаме да остане старото решение во член 16 од Законот за банки, а член 16 се однесува на добивање на дозвола под кои услови треба да се даде одобрение за работа на банка, за самото основање на банката и за идното работење на банката.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Меѓу другото, една од задачите која што е поставена пред заинтересираните за добивање на дозвола е уплата на акционерски капитал и тоа досега функционираше во Република Македонија на еден позитивен начин, со оглед на тоа што сите банки кои што се пререгистрираа и оние банки кои добија нови регистрации односно се основаа, уплатија акционерски капитал и поднесоа доказ до Народна банка дека тие уплати се извршени и врз основа на тоа и другите обврски кои што се пропишани со Законот за банки добиле и добиваат дозвола за работа. Не знам од кои причини со измената се предлага да се брише акционерскиот капитал и останува обврска само за уплата на капитал.

Економистите знаат под поимот капитал што се подразбира, а јас овде би кажал дека капиталот може да биде во основни средства и во обртни средства. Во основни средства може да биде во вид на шуми, ливади, магацини, административни згради, машини, постројки, тоа е непаричниот дел. Нема сега, овде сега има поим капитал. Во обртни средства може да биде во пари и

ако е во пари тогаш има преобразена форма во вид на акции. Сега Владата предлага во Република Македонија со оваа измена која што е суштинска измена да се брише поимот "акционерски капитал" и да може банка да се основа врз уплата на капитал или врз основа на капитални вложувања. Мислам дека се прави голема грешка затоа што тоа значи загрозување на воспоставениот банкарски систем во Република Македонија, напуштање на пазарната економија во банкарскиот систем и поставување на видоизменети услови за работа во банкарскиот сектор.

Оттаму, барам објаснување од претставникот на Владата која е целесообразноста на оваа измена која што се предлага со членот 9 став 1. Тоа е за првиот дел од член 9, а додека она што го кажуваше претставникот на Владата тоа е за другата измена за која може да разговараат или може да таа измена.

Би го замолил уште еднаш претставникот на Владата да даде објаснување која е целесообразноста на измената која што ја предлага Владата со овој член, па после тоа да продолжиме со работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Претставникот на Владата е повикан и има право да одговори или не.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Само да појаснам, во членот 9 од измената стои: "Во членот 16 точка 1 зборот "акционерски" се брише." Ние немаме ништо против да се брише ова, јас претходно реков, но ако се брише самиот член, не се знае, како што реков, во членот 16 што е. Затоа ние рековме да се дополни, терминолошки да се измени. Инаку, суштински ние го прифаќаме овој амандман и затоа предложивме амандманот да гласи вака:

"Во членот 16 по тожка 2 се додава нова точка 3, која гласи: само тоа да се предложи и така самиот член и амандман би имал суштинско значење.

Значи, предлагаме во членот 16 да стои дека по точката 2 се додава нова точка која гласи, а тоа е точката 3 - "Податоците за образование и искуството на лица со посебни права и одговорности, вклучувајќи и професионална историја за последните 5 години". Така би бил целосен амандманот и членот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави повторно господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ако добро разбрав, тоа значи точката 1 да остане во изворниот текст, а после точка 2 да се додаде нова точка 3 која би се формулирала.

Оттаму предлагам, штом веќе постигнавме ваква согласност да преминеме на следниот амандман, а во меѓувреме, ако се согласува претставникот на Владата да извршиме формулација на точката 3, за да се усогласиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Бузлевски, добивам сугестија за процедурата од секретарот на Собранието дека во тој случај треба да го повлечете овој амандман, направете во согласност друг кој ќе го прифатиме.

Дали се согласувате?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Има еден практичен проблем, бидејќи ние сме четворица предлагачи и затоа реков да преминеме на следниот амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вред е, сега за промена на амандман ако се каже од еден од предлагачите дали ќе има согласност, а другите не се присутни, тоа не може да се направи.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Милан Ставрев се јави за збор.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Се извинувам што морам да упаднам, но овде се работи за суштествена повреда на текстот на законот, во која претставнкот на Владата изгледа влезе во една игра, свесно или несвесно, која му ја наметнаа. Ако го видиме членот 16, таму пишува: "Во привремената дозвола се наведуваат условите кои треба да ги исполни банката за добивање дозвола за основање и работа на банката ..." Предлагачот специјално ја отфрла точката 1, уплата на акционерскиот капитал, бидејќи од моментот на барањето за отворање и основање на банка до конечното решение капиталот треба да седи мртов условно речено во некој сеф се додека не се добие дозволата. Ако се добие дозволата, во тој случај тој капитал ќе се активира. Ако не се добие дозволата, тогаш тој капитал има друга судбина.

Заради тоа предлагачот предлага акционерскиот капитал да се уплати, веројатно подоцна ќе видиме во

текстот, после добивањето на дозволата. Тој треба само да се пријави, а потоа да уплати, а не да лежи некаде мртов во средствата на државата. Тука е целата "заврзлама".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи имаме една согласност меѓу еден предлагач и претставник на Влада, ние многу малку ќе можеме да одлучиме за нивно усогласување.

Би продолжиле понатаму, па ако се покаже практика и потреба ќе решаваме дополнително.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам дека амандманот 6, 7, 10 и 11 се од иста природа и можеби е добро сите заедно да ги разгледуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не може така, одиме на секој амандман поединечно.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Добро. Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот, а гласањето ќе го направиме дополнително.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2.

Госпоѓицата Шеќеринска бара збор процедурално.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе, би сакала само во името на пратеничката група да побарам од вас како претседавач на оваа седница да ни го објасните начинот на кој што ќе работиме. Имено, да ни објасните или дефинирате дали понатаму ќе можеме да добиваме збор како процедурална или деловничка интервенција, бидејќи претходно видовме дека вие се одлучивте, во период од 10 минути, тоа право да не го оневозможувате. Да видиме во текот на седницата како вие како претседавач на оваа седница ќе се однесувате. Значи, дали ќе постои право за деловничка интервенција, дали ќе постои право за процедурална интервенција, дали ќе ги поминуваме сите амандмани и ќе ја затворите дискусијата без да гласаме за било кој од нив. Да знаеме, за да може седницата да тече во најдобар ред. Мислам дека е добро сите пратеници во ова Собрание да ги имаат овие информации, како претседавачот сака да ја води седницата, особено доколку навистина има намера да ги одземе правата кои се утврдени со Деловникот, како што се интервенцијата во поглед на процедура и Деловник, која што им беше одземена, меѓу другото, и на некои пратеници од пратеничката група на СДСМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓице Шеќеринска, постојат битни повреди на постапка, ама има и такви кои не влијаат на исходот на решавањето. Овде не беа поставувани деловнички прашања во форма што е повредено според Деловникот, туку од политика и сметам дека тие такви прашања не се деловнички и битно не влијаат за исходот на расправата. Затоа не ги прифатив. Кој не го знае законот нека си го чита.

Одиме понатаму.

Сакавме тоа да го прекратиме за содржина на работа, не од други причини, ве молам.

Прашањето е во однос на амандманот, ве молам, кој бара збор по овој амандман.

Реков, има повреда но битно не влијае на исходот.

За тоа донесувам лично јас одлука, никој друг.

(Господинот Александар Гештаковски бара збор процедурално).

Гештаковски, на кој конкретен дел од Деловникот се однесува тоа?

(Реакции).

Колеги, за двајца пратеници, за Александар Флоровски и за Александар Гештаковски, ќе ја прекинам седницата. За тие двајца кои не разбираат што значи не влијае битно, нивна глупост овде.

Ве молам, или ќе продолжиме вака или *ќе* ја прекинеме седницата.

Молам, кој бара збор по предлогот на амандманот?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Најпрво би сакала во името на пратеничката група на СДСМ да ви укажам дека вашето однесување како претседавач на оваа седница е недозволено. Ваквите зборови кои што ги упатувате на колегите пратеници навистина не доликуваат ни на Собранието ни на позицијата која што ја имате.

Би сакала да ве замолам навистина да водите сметка за однесувањето, особено кон наши колеги, особено кон колегата Гештаковски кој што е член на пратеничката група на СДСМ.

Дополнително, потпретседателе, би сакала да ве известам дека дури ни како претседавач на оваа седница немате ниту можност ниту способност да ги читате мислите на пратениците, така што не можете да кажете однапред дали г. Гештаковски се јавува со деловничка или процедурална забелешка по истото или по друго прашање.

Заради тоа ви велев, ако сакате да ја водите седницата како што треба и да имаме добра седница, бидејќи постои расположение за тоа, ве молам водете ја според Деловникот и доколку си земате повеќе од правата што ви се дозволени, со самото ваше однесување вие ќе ја прекинете седницата и ќе ја направите неподнослива.

Затоа апелирам уште еднаш и до вас и до останатите колеги да воведете ред во ова Собрание, меѓу другото на тој начин што на пратениците ќе им давате можност да се изјаснат за тоа што сметаат дека треба да го кажат, без разлика дали е по амандман, без разлика дали е по процедура или Деловник. За тоа имаат право, согласно Деловникот на кој што вие се повикувате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 14,40 часот).